# ИЗВЕШТАЈ

## за повреди на човекови права

### од документирани случаи во Коалиција Маргини за периодот 1.12.2021- 01.03.2022

**Мања Величковска,**
**помлада истражувачка - Коалиција Маргини**

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Коалиција Маригини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Во периодот од 1 декември 2021 година до 28 февруари 2022 година во Коалиција Маргини се документирани 11 случаи на прекршување на права, каде има 11 жртви, од различни заедници. Случаите се документирани од страна на правници, овозможувачи на други услуги, активисти од граѓански организации со кои Коалиција МАРГИНИ соработува и самите жртви. Во 2 документирани случаи што се одвиваат на социјалните мрежи, станува збор за говор на омраза упатен кон 2 трансродови лица што визуелно се појавуваат во видео-записите или фото-материјалите вклучени во објавите на мрежите, но и кон целокупната трансродова заедница (односно кон неопределен број на лица).

Во овој четврт квартал на известување има намалување на бројката на документирани случаи, непознато дали поради недоволна мотивираност за извршување на оваа активност од страна на досегашните документирачи на случаите со кои соработуваме или недоволна промоција на активноста, што укажува на потребата од поголема мотивација на жртвите, правниците и параправниците, коишто досега редовно придонесуваа во процесот на документирање. Овој известувачки период повторно бележи поголема бројка на случаи на родово-засновано и семејно насилство (дури 5 од 11 случаи), што во споредба со минатите извештаи, каде овој вид на повреди исто така беа драстично побројни од останатите, е нешто што дури и на мал примерок останува видливо. Понатаму, има 2 случаи со повреда на правото на пристап до добра и услуги, 2 случаи на говор на омраза, 1 случај на повреда на детските права и 1 случај на повреда на права во полициското постапување.

## Типови на дискриминација

Дискриминација се појавува во 7 случаи, и тоа како: дискриминација на лица со попреченост (2), дискриминација по асоцијација на ЛШУД[1] (1), дискриминација во обезбедувањето на добра и услуги на Роми (2) и поттикнување на дискриминација на трансродови лица (2). Во 3 случаи каде жртви се лица со попреченост и Роми, дискриминацијата е директна.

(1) Луѓе што употребуваат droги

Документирани случаи на прекршување на правата според карактеристиките на случајот и карактеристиките на жртвата

Документираните случаи каде има родово-засновано и семејно насилство се одвивале во домот на жртвите, а биле извршени од страна на нивните партнери или нивните полнолетни деца. Случајот на повреда на правата од областа на полициското постапување е извршен од страна на полициски службеници во рамки на полициска станица. Случајот на повреда на детските права се одвива во рамки на образовна институција (основно училиште), додека сторители се родителите на соучениците на дете коешто живее со аутизам. Двата случаи каде има говор на омраза се одвиваат на социјалните мрежи, а прекршители се различни Фејсбук и Инстаграм корисници коишто не ги познаваат жртвите, но и медиумите коишто не ги елиминираат или затскриваат коментарите. Последно, двата случаи каде има повреда на правото за пристап до добра и услуги се одвиваат во фризерски салон и кафеана, каде на две лица што се Ром(к)и им е одбиен влез и услужување.

Според родовата структура на жртвите, најмногубројни се жените (70% или 7 жени), потоа мажите (20% или 2 мажи) и трансродови лица (20% или 2 лица). Жените доминираат како жртви во случаите на родово-засновано насилство и семејно насилство (5 случаи), во 1 случај жена е жртва на полициско постапување и во 1 случај жена е дискриминирана при пристап во обезбедување на услуга. Мажите се жртви во случаите на повреда на образовните права (1) и пристапот до добра и услуги (1), од кои, во првиот станува збор за машко дете коешто е истовремено лице со попреченост. Трансродовите лица се жртви во случаите каде има говор на омраза (2), а се работи за 1 трансродова жена и 1 трансродово лице што е родово флуидно.

Во овој квартал на известување, повеќето случаи се документирани од страна на правничка којашто живее во Полошкиот регион, што во одредена мера влијае на етничкиот идентитет на жртвите, од кои: 6 се Албанки, 2 се Ром(к)и, 2 се Македонки/ци и 1 лице е гостин од странство што престојува кратко во Северна Македонија. Две од жртвите се лица со попреченост, 2 се ЛГБТИ и 1 е лице што рекреативно употребува дроги.

| Карактеристики за случајот | | Карактеристики за жртвата | | | | | | | | | | Вкупно случаи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прекршители | Локација | Родов идентитет | | | Етничка припадност | | | | Припадност кон МЗ | | | |
| | | Ж | М | Транс | Македонка/ец | Албанка/ец | Ром(ка) | Друго | ЛШУД | Лица со попреченост | ЛГБТИ | |
| Партнери и деца | Дом на жртвата | 5 | | | | 5 | | | | 1 | | **5** |
| Даватели на услуги | Приватен објект за добра и услуги | 1 | 1 | | | | 2 | | | | | **2** |
| Полициски службеници | Полициска станица | 1 | | | 1 | | | | 1 | | | **1** |
| Родители на соучениците | Образовна институција | | 1 | | | 1 | | | | 1 | | **1** |
| Мрежни корисници и медиуми | Социјални мрежи | | | 2 | 1 | | | 1 | | | 2 | **2** |
| **Вкупно** | | **7** | **2** | **2** | **2** | **6** | **2** | **1** | **1** | **2** | **2** | **/** |
| **Вкупно жртви** | | | | | | | | | | | | 11 |
| **Вкупно случаи** | | | | | | | | | | | | 11 |

***Табела 1. Документирани случаи на прекршување на права според карактеристики на случајот и карактеристики на жртвата***

Документирани повреди на права според видот на повредата и местото на случување

Во документираните случаи (11) може да се издвојат вкупно 24 различни типови на повреди. Најголем број од нив од настаните во Полошкиот регион (15), 3 се имаат случено во Југоисточниот регион и 6 се одвивале на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм. Бројот на случаи е мал и не е репрезентативен за да се извлечат генерални заклучоци за повредите на правата по региони, бидејќи распределбата на случаите по региони е детерминирана од тековните активности на здруженијата, правниците и параправниците што работат со документирање. Сепак, скоро половина од случаите (5) се настани на родово-засновано насилство и повреди на права во областа на семејното насилство (споменатите 15 во Полошкиот регион), што значи дека досега забележаната тенденција на голем број повреди од овој вид во Полошкиот регион од претходните квартални извештаи продолжува.

Во Југоисточниот регион има 1 случај каде има 3 прекршоци од страна полицијата. Големиот број на прекршоци по случај во работата на полициските службеници, како извршители на повредите, е честа пракса кога жртвата е лице што употребува дроги, е асоцирано со трето ЛШУД или живее во иста заедница со ЛШУД (како во случајов).

На социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм се документирани 2 случаи на говор на омраза со по 3 прекршоци, предизвикани од страна на повеќемина корисници на платформите. Во конкретните настани говорот на омраза е насочен кон определена маргинализирана група (трансродови лица) и е говор што поттикнува и повикува на насилство врз трансродовата заедница, што потоа се трансферира и продолжува под објавите на личните профили на лицата.

| Вид на повреди | Место на случување | | | Вкупен број на повреди по вид |
|---|---|---|---|---|
| | Полошки регион | Југоисточен регион | Социјални мрежи | |
| **1. Родово-засновано насилство и семејно насилство** | **10** | | | **10** |
| Повеќекратно вознемирување | 2 | | | 2 |
| Малтретирање и тортура | 3 | | | 3 |
| Физичко насилство | 4 | | | 4 |
| Дискриминација на лица со попреченост | 1 | | | 1 |
| **2. Повреда на права во областа на полициското постапување** | | **3** | | **3** |
| Противзаконско земање на примерок од урина | | 1 | | 1 |
| Вознемирување и понижувачко постапување | | 1 | | 1 |
| Дискриминација по асоцијација | | 1 | | 1 |
| **3. Повреда на детски права** | **3** | | | **3** |
| Повреда на правото на образование | 1 | | | 1 |
| Дискриминација на лица со попреченост | 1 | | | 1 |
| Директна дискриминација | 1 | | | 1 |
| **4. Говор на омраза** | | | **6** | **6** |
| Говор на омраза кон определена МЗ група | | | 2 | 2 |
| Поттикнување на насилство | | | 2 | 2 |
| Поттикнување на дискриминација | | | 2 | 2 |
| **5. Повреда на право за пристап до добра и услуги** | **2** | | | **2** |
| Дискриминација во обезбедување на добра и услуги | 2 | | | 2 |
| Директна дискриминација | 2 | | | 2 |
| **Вкупен број на повреди по место** | **15** | **3** | **6** | **24** |

***Табела бр. 2. Документирани повреди според видот на повредата и местото на случување***

Родово-заснованото и семејното насилство во домот

Родово-засновано и семејно насилство е документирано во 5 случаи во кои сите сторители се мажи, а жртви се жени. По етничка припадност сите 5 жртви се Албанки. Четири од случаите не се пријавени пред одреден надлежен орган, а за еден не е познат неговиот понатамошен развој.

Во овие случаи насилството се случува во рамки на домот на жртвите. Два од настаните се РЗН[2] и семејно насилство извршено од страна на нивните партнери кои им се сопрузи. Во едниот случај, мажот се враќа дома од работа и почнува да ја малтретира, омаловажува и тепа жената. Во другата ситуација, мажот се враќа дома и бара пари од жена си, по што почнува да ја тепа и да ѝ нанесува удари по телото. Вториот случај завршува со иселување на жената од нејзиниот дом и враќање кај нејзиното старо место на живеење, по што таа почнува постапка за добивање на развод. Во 2 од петте документирани случаи има повеќекратно вознемирување, што вклучува физичко насилство, продолжено малтретирање и тортура. Една од жртвите доживува повторливо насилство од омраза од страна на својот сопруг, кој со омраза физички ја тепа жената пред нивните деца. Како последица таа има постојан психички последици, страв, срам и несигурност и физички траги од насилството. Вториот случај на опишува ситуација на повторливо вознемирување, физичко насилство и малтретирање на жена од страна на нејзините двајца синови коишто бараат од нејзе пари. Случајот е пријавен кај адвокат, но жената издржува постојан терор и насилство коешто ја нарушува нејзината здравствена состојба коешто трае и се повторува. Во сите 4 случаи на РЗН и семејно насилство жените се здобиваат со сериозни физички повреди, фрактури на рамениците, скршеници на рацете, отоци на главата и телото, итн.

Во последниот (петти) случај од оваа категорија, станува збор за дискриминација на жена што е неподвижна и има попреченост на слухот. Таа трпи малтретирање и омаловажување од страна на роднина од семејството (нејзина јатрва) којашто ја брка од домот кога имаат гости. Жртвата чувствува голем срам, има повредено достоинство и е немоќна да пружи отпор на она што ѝ се случува.

Случаите на РЗН и семејно насилство се документирани во Полошкиот регион и содржат неколку видови на повреди. Повторливоста на насилството врз жртвите и бројката на случаи во областа што „предничи“ пред останатите прекршочни категории укажува дека е потребно итно зајакнување на сервисите за жените жртви на насилствата од омраза, попристапна бесплатна правна помош и поактивна работа на превенција за намалување на бројката на случаи во овие предели.

(2) Родово-засновано насилство

Полициското постапување кон ЛШУД

Во единствениот документиран случај на повреда на права во областа на полициското постапување, жртва е жена која рекреативно употребува droги. По извршен претрес во домот на нејзиниот партнер, таа е повикана во полициска станица во својство на сведок. Меѓутоа, таму жената е двапати присилена да даде свој примерок од урина ѝ е наведувана да даде лажна изјава. Полициските службеници ја понижуваат и ѝ се заканувааат дека доколку даде лажен исказ ќе биде „тешко нејзе“ бидејќи е „лице од наркоманска провиниенција“. Случајот започнува со дискриминација по асоцијација, а потоа ескалира во сериозно вознемирување што резултира со прекршување на повеќе права во полициска постапка и нанесување на психичка болка (повреда на достоинство, страв и траума).

Овој тип на нехумано изживување на полициските службеници врз лицата што употребуваат дроги, се зависни од употреба или се асоцираат со други ЛШУД, е честа пракса што се одвива во тајност. Иако станува збор за еден случај, што не е бројка од која може да се донесе заклучна согледба на ситуацијата со полициското постапување, мора да се спомене дека ваквиот вид на повреди со години наназад се чести настани, а не исклучоци. Кршењето на повеќе права на ЛШУД (истовремено) во полициската постапка е тенденција што може да се забележи во досегашните Годишни извештаи на Коалиција МАРГИНИ.

Ваквиот континуум на полициско етикетирање на лицата што употребуваат дроги како криминалци и отпадници, силно го нарушува нивното психичко здравје и ги крши сите напори за подобрување на сечија лична кревка егзистенција. Како жената во случајот, досегашното искуство на овие лица покажува дека по распитот, мрачното чувство на постојан надзор се вковува во секојдневна животна динамика, останува со жртвите во и надвор од домот, и е предмет на нивно постојано себе-огледување, но и блокада за повторен усет на безбедност и безгрижност.

Повреда на детски права

Во 1 случај каде има повреда на детски права, станува збор за повреда на правото на образование на машко дете коешто живее со аутизам. Жртвата трпи директна дискриминација и дискриминација поради својата попреченост, односно врз основа на здравствена состојба, во рамки на своето основно училиште, и тоа од страна на родителите на останатите негови соученици. Тие се жалат дека тој ја нарушува концентрацијата на останатите деца и ги вознемирува, по што бараат од семејството на лицето да го образуваат „некаде надвор од училиштето или на приватни часови“. Случајот е затворен од страна на директорот на училиштето кој ги информира родителите дека образовната установа веќе има обезбедено посебни наставници и услови во рамки на класот. Сепак, кај детето и кај неговото семејство, ваквата реакција предизвикува психичка болка (повреда на достоинство и срам) што остануваат со нив и по настанот.

Овој вид на повреди на детски права што се изразуваат со желба за елиминирање и отуѓување на децата што живеат со попреченост, е најнечовечкото редуцирање на постоењето на и онака премолченото живеење на лицата со попреченост. Тие доаѓаат од позиција на надмоќ и се одразуваат директно врз одредена група на немоќ и предизвикуваат застој и фрлаат мрак врз секојдневното и онака отежнато животно искуство. Овој тип на иницијативи ја бришат секоја визија и надеж за каков било соживот. Претпоставката дека единствено нашите деца и блиски заслужуваат удобност и внимание, дополнително ги изолира искуствата на децата со попреченост и влева потешкотии во понатамошното нивно прифаќање, интегрирање и другарување во рамки на училишните средини. Посакувањето на прогон на присутниот Друг, чиишто напредок, развој и радост зависат од најраните образовни и школски искуства, ја разоткриваат подмолната желба за вртење грб на идејата за заедништво и туркање на поразличните уште подалеку од социјално организираните искуства, онаму од каде бидувањето поинаков нема да го задира привилегираното постоење на непрезрените.

Говорот на омраза кон трансродовите луѓе

Во двата документираните случаи на говор на омраза на социјалните мрежи, говорот на омраза е врз база на родов идентитет и претставува: ширење на омраза кон определена маргинализирана група и поттикнување на насилство и дискриминација. Едниот случај се одвива на социјалната мрежа Фејсбук, под објава на медиумски портал посветена на проблемите на трансродовите луѓе во Македонија, правното признавање на родот и Законот за матична евиденција, каде има видео-изјава на трансродова жена. Повеќето од коментарите доаѓаат од сторители на делото говор на омраза коишто не ја познаваат жената, а поттикнуваат сериозно насилство не само кон нејзе, туку ги кон пошироката трансродова заедница во земјата. Дел од нив одат во детални описи на насилните акти на кои повикуваат, го коментираат менталното здравје на трансродовите луѓе, предизвикуваат страв и психолошка болка, го повредуваат нивното достоинство, и пошироко, влијаат негативно врз психолошкото здравје на сите транс лица коишто ги читаат јавните коментари под објавата. Дел од нив прават неетичка и дискриминаторска проценка на психолошката состојба на трансродовите луѓе, велејќи дека „постои само машки и женски пол“ додека „се’ друго е дисморфија и психолошко заболување“, посочуваат дека трансродовите луѓе се мрзливи, непродуктивни и со тоа општествено излишни („ова е машко, дајте му копач и лопата и ќе му дојде памет“) доколку излегуваат од претпоставените наметнати, бинарни и традиционално-патријархални општествени улоги. Како и секојпат, коментарите што најмногу ужасуваат, се оние во кои трансфобијата се спојува со нацистичката реторика, каде се повикува на буквално истребување на цела една заедница.

Вториот случај на говор на омраза се одвива под објавите на Фејсбук-страниците на неколку медиумски портали, коишто преземаат фотографии од личен Инстаграм-профил на трансродов уметник што имал фотосесија на различни локации во Македонија. Порталите во своите објави посочуваат дека фотографиите се навреда за христијанското население и „скврнавење“ на христијанските објекти. Со содржината и насловот на објавите тие поттикнуваат говор на омраза меѓу нивните Фејсбук-следбеници. Тие не ја бришат и не ја санкционираат видливоста на коментарите на Фејсбук-корисниците, што дополнително придонесува говорот на омраза да го зафати Инстаграм-профилот на родово флуидниот уметник. Овде говорот на омраза содржи коментари што поттикнуваат физичко насилство, посочувајќи дека на уметникот треба да „се одере жив со жилет“, да се надене на „дренов стап“, да има „копач во шупак“, да му се извадат очите, да се заколе, „да се потури со врел катран“, да се обеси на плоштад и да се застрела. Коментарите содржат морбидно детални сцени на предизвикување на смрт на една личност, незамисливо болни да се читаат, а не пак да се доживеат. Кај жртвата, но и кај сите транс лица што ги читаат

коментарите, говорот на омраза предизвикува психичка болка, страв и чувство на непријателство и небезбедност од престој во земјата.

Дијахроно гледано, говорот на омраза кон трансродовите луѓе во медиумските написи и под медиумските содржини станува се' поприсутен, особено од појавата на образовната реформа, донесувањето на националната Концепција за основно образование што ја содржи родово сензитивната компонентна, појавата на моралната паника, како и предлагањето на нов Закон за матична евиденција, односно правно признавање на родот, во 2021 година. Во моментот на пишување на овој извештај, треба да се посочи дека говорот на омраза на социјалните мрежи изобилува со пораки на неприфаќање на трансродовите луѓе, што, ретроспективно анализирано, има и те како удел во актуелното повлекување на Законот за матична евиденција од страна на Владата, по напливот на содржини што ги перпетуираа стереотипните невистини за транс лицата.

Конечно, овде не може и не смее да се исклучи улогата на медиумите под чии објави се шири говорот на омраза. Мора да се спомене дека иако во едниот случај станува збор за медиум што честопати вклучува приказни на маргинализирани лица и има вработени коишто редовно држат и присуствуваат на обуки за етичко известување на медиумите, тие се' уште ги немаат отстрането понижувачките и деградирачки коментари од нивната објава. Во другиот случај пак, станува збор за медиуми што целно имаат поставено и дисеминирано содржина со дискриминирачки и омаловажувачки карактер, за да поттикнат говор на омраза и погрдна слика за трансродовите луѓе, конкретно адресирајќи ја публиката што е од христијанска вероисповед.

Повреда на правото за пристап до добра и услуги

Во периодот на документирање, забележани се 2 случаи на повреда на правото за пристап до добра и услуги и двата се врз основа на бојата на кожата и етничкото потекло на жртвите. Во првиот случај станува збор за Ром кому му е одбиено влез во кафеана. Од страна на келнерите тој бил информиран дека сите маси се зафатени, иако во објектот немало други гости. Во вториот случај станува збор за Ромка на која ѝ е одбиена услугата потстрижување во фризерски салон под образложение од страна на сопственичката на салонот дека наскоро ќе затвора. По заминување на жената од нејзиниот дуќан, таа потврдува дека причината поради која ја одвратила муштериката е бидејќи смета дека „Ромките не се чисти“.

Овој тип на повреди нанесуваат психичка болка (повреда на достоинство и срам) кај жртвите кои се чувствуваат деградирани во јавност, пред другите клиенти и пред давателите на услугите. Сторителите не го споделуваат светогледот на Ромите, немаат желба да го делат истиот хабитус и да го допрат постоењето на нивната Другост. Нивната изолационистичка логика на разделување поради бојата на кожата на Ромите, нормативно категоризиранана како „валкана“, е резултат на нивно историско омаловажување, деградирање и исклучување. Безинтересните исклучувачки поведенија на различните сторители на повредите го наоѓаат својот заеднички именител во немоќноста да ги видат овие луѓе како човечки тела вредни за внимание. Тие се клучната овозможувачка алатка на општественото нееднинство, преносители на расизмот и најголемите симптоми на апатичниот и антагонистички систем на обезвредување на поединецот.

## Препораки:

1. Да се зголеми достапноста на сервисите за бесплатна правна и психо-социјална помош за жртви на РЗН и семејно насилство во Полошкиот регион;
2. Да се усогласи Законот за полиција и подзаконските акти со Истанбулската конвенција и Собранието да ги усвои измените и дополнувањата на Кривичниот Законик и да обезбеди кривично-правна заштита согласно стандардите на Истанбулската Конвенција;
3. Да се зајакнат капацитетите на полициските службеници за постапување кон луѓе што употребуваат droги и лица што се зависни од употреба на дроги;
4. Да се зајакне надворешната контрола врз постапувањето на полициските службеници и санкционирање на полициските служебници кои ги повредуваат правата на МЗ или пропуштаат да ги заштитат повредите на правата извршени од трети лица.
5. Собранието да ги усвои измените на Кривичниот Законик со кои ќе се гарантира неказнување на луѓето кои поседуваат дроги за лична употреба; Владата да го продолжи процесот на декриминализицација во кој ќе бидат вклучени претставници на граѓански органзиации и експрерти во областа на политика за дроги.
6. Да се зајакнат капацитетите на стручниот наставен кадар во основните училишта за итно постапување во случаи на дискриминација од страна на кој било актер во образовниот процес, со цел брзо реагирање во случаите на какво било непожелно однесување и појава на иницијации за исклучување на децата со попреченост од образовниот процес;
7. Да се зајакнат капацитетите на медиумите за брза реакција во случаи на појава на говор на омраза со цел намалување на стапката на повици на насилство и дискриминација кон која било маргинализирана група, особено кон трансродовата заедница;
8. Да се направат измени и дополнувања на Кривичниот закон со цел експлицитна забрана на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет;
9. Да се засили документирањето и пријавувањето на говорот на омраза во Секторот за компјутерски криминал при Министерството за внатрешни работи;
10. Да се зајакнат капацитетите на полициските службеници во постапувањето и прогонот на сторителите на говорот на омраза, јакнење на механизмите на контрола во сајбер-просторот, и градење на доверба кај жртвите во сите дела од омраза и вознемирувања сторени онлајн;
11. Да се зголеми достапноста на сервисите за бесплатна правна помош за Ромите кои се жртви на директна дискриминација, особено во пристапот до добра и услуги;
12. Правно да се зајакнат сите маргинализирани групи (ЛГБТИ, маргинализирани жени, Роми, лица со попреченост, ЛШУД, луѓе што живеат со ХИВ и СИДА, итн.) да го препознаваат прекршувањето на правата и да преземаат правни дејствија за заштита на нивните права.

Проектот е финансиран
од Европската Унија